Бр. 12-1472/1
02.03.2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – правно лице, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28 -та седница одржана на ден 29 Февруари 2020 година донесе

### О д л у к а

Пријавата за корупција бр. 12- 2658/1 од 09.05.2019 година на подносителот правно лице - ------------------------------------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2658 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2658/1 од 09.05.2019 година.

Предметот со број 12-2658 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2658 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12- 2658/1 од 19.05.2019 година, од познат подносител, правно лице – ------------------------------------------------.

Предметната пријава содржи наводи со кои се укажува на незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена во ---------- година од страна на договорниот орган ----------------------------------------------.

Предмет на посочената јавна набавка – Отворена постапка бр. ----------------, е ------------------------------------ и истата била спроведена според критериумот најниска цена и со примена на електронска аукција, а подносителот на пријавата до Државната комисија за спречување на корупцијата е еден од понудувачите во постапката чија понуда била отфрлена, после што истиот користел правна заштита. Имено незадоволен од постапката/одлуката за избор на најповолен понудувач, подносителот на пријавата како учесник во постапката за јавна набавка вложил жалба до Државната комисија за жалби јавни набавки, која од надлежниот орган била одбиена како неоснована.

Подносителот на пријавата истакнува наводи за повреда на начелото на конкуренција заради еден од предвидените услови за учество во постапката – -----------------------, ова од причини што во Република Северна Македонија овој ------------------------------------------ единствено еден оператор, додека подносителот -------------------------- со која и аплицирал за доделување на договорот за јавната набавка.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Во конкретниот случај, според Државната комисија за жалби по јавни набавки жалбата на жалителот е неоснована, меѓу другото и поради тоа што е несоодветно правно средство, односно истата е поднесена од причини за кои е предвиден приговор – во тек на постапката и по однос на барањата на тендерската документација. При своето постапување надлежната Комисија – за жалби по јавни набавки, по службена должност, ја разгледала жалбата и од сите останати аспекти и не утврдила повреда на Законот за јавните набавки, односно констатирала дека при спроведувањето на постапката не се сторени битни повреди на постапката.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, дотолку повеќе, на случајот постапил друг надлежен орган во Република Северна Македонија кој донел одлука – решение против кое незадоволната странка може(ла) да поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Февруари 2020 година под бр. 12- 1472/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил м-р Шемши Салаи, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk